## ОСНОВНА ОБУКА

Основната обука за кандидат за директор се спроведува со цел кандидатот да се стекне со потребните професионални компетенции за успешно организирање, раководење на воспитно-образовната работа и администрирање на работата во училиштето. Основната обука е една, заедничка - единствена за сите кандидати независно од нивната намера за понатамошно аплицирање за функцијата директор.

## УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ

Кандидатите за директори на основни/средни училишта се стекнуваат со право на основна обука ако имаат најмалку високо образование, ги исполнуваат условите за наставник или стручен соработник во основно/средно училиште и имаат најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовната работа.

Кандидатите за директори на ученички домови се стекнуваат со право на основна обука ако имаат најмалку високо образование, ги исполнуваат условите за воспитувач или стручен соработник во воспитно-образовна работа и имаат најмалку пет години работно искуство во установа за воспитно-образовната работа.

Кандидатите за директори на отворен граѓански универзитет за доживотно учење се стекнуваат со право на основна обука ако имаат високо образование и најмалку пет години работно искуство.

Пријавувањето за обука се врши писмено со поднесување на Пријава бр.1 која е на веб-страната на ДИЦ.

**Кон пријавата кандидатот треба да приложи:**
- диплома за завршено соодветно високо образование;
- потврда за работно искуство во воспитно-образовна установа верифицирана од Министерство за образование и наука, издадена од надлежна установа;
- кратка биографија (резиме, Curriculum vitae);
- копија од уплатница за уплатен износ за обука.

Пријавите на кандидатите се доставуваат и се евидентираат во Државниот испитен центар.



## ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ

Реализацијата на обуката според Програмата, за пријавените кандидати започнува по формирање на група од најмалку десет кандидати, пријавени за обука.

Вкупното времетраење на обуката е 192 часа и истата е задолжителна.

**Обуката се реализира согласно Програмата со шест модули и тоа:**
- Примена на информатичко-компјутерска технологија при менаџирање во образованието;
- Теорија на организација;
- Луѓето во организацијата;
- Директорот како педагошки раководител;
- Законодавство;
- Финансии.

**Обуката е поделена на:**
- непосредна обука која се одвива во времетраење од 18 часа по модул, распределени во 12 сесии по 90 минути, кои се изведуваат во период од два дена, за време на викенд
- индивидуална работа во времетраење од 10 часа по модул, кандидатите подготвуваат семинарски работи на теми од реализираните содржини и ги презентираат пред групата и обучувачот.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТ

Со право на полагање на испит се стекнува кандидатот кој успешно ја завршил основната обука за директор и има положено психолошки тест и тест за интегритет за директор, кој не треба да биде постар од две години.

По спроведената обука, кандидатот се пријавува за полагање на испит со поднесување на пријава до Државниот испитен центар. Во прилог на пријавата кандидатот доставува: носач на електронски запис (ЦД) со шестте семинарски трудови од модулите, потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет, примерок од уплатница за уплатени средства и завршниот семинарски труд во три печатени примероци.

Темата на завршниот семинарски труд кандидатот ја добива по завршувањето на обуката, компјутерски генерирана (насловот по случаен избор го одредува софтверот на електронскиот систем од листата на теми).

**Испитот за директор се состои од три дела:**
- практична проверка на компјутерски вештини (трае 60 мин);
- проверка на способноста за примена на теоретските знаења (60 мин);
- презентација и одбрана на завршниот семинарски труд (30 мин).

Се смета дека кандидатот го положил првиот и вториот дел доколку постигнал 60% од вкупниот број поени.

Третиот дел од испитот се полага ако успешно се положени првиот и вториот дел.

Се смета дека кандидатот го положил испитот ако успешно ги положил сите делови од испитот.

Доколку кандидатот не го положи испитот три пати, добива решение за неположеност.

Кандидатите кои по трет пат не го положиле испитот и добиле решение за неположеност, немаат право да го полагаат испитот во наредните три години. По истекот на наведениот рок, кандидатите можат повторно да следат обука и да се пријават за испит.

## ДОБИВАЊЕ И ВАЖНОСТ НА УВЕРЕНИЕ

На кандидатот кој го положил испитот му се издава уверение за положен испит за директор, потпишано од претседателот на Испитната комисија и од директорот на Државниот испитен центар, во рок од седум дена од денот на завршување на испитот.

Важноста на уверението за директор престанува доколку кандидатот за директор што го поседува не биде избран за директор во период од пет години од денот на издавање на уверението.

## ОБНОВУВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ

Кандидатите кои се стекнале со уверение за директор согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, а имаат намера истото да го обноват, треба најдоцна до 1 септември 2020 година да го положат испитот за директор и да се стекнат со уверение за директор согласно одредбите од овој закон. За таа цел, кандидатот до ДИЦ поднесува Барање за полагање на испит за директор за обновување на Уверение. По прифаќањето на барањето на кандидатот, му се одредува (генерира) наслов за тема за завршен семинарски труд.

Кандидатите кои се пријавуваат за обновување на уверение, не следат обука.

Кандидатот може да се пријави да полага во сесии (термини) објавени на страната на ДИЦ. За таа цел пополнува Пријава бр. 2 и ја доставува до ДИЦ приложвајќи ја потребната документација наведена во образецот на Пријава бр.2.

Испитните сесии течат континуирано во текот на целата година и навремено се објавуваат на страната на ДИЦ.



**Подетални информации на веб-страната на ДИЦ:**

**www.dic.edu.mk**


**Тел.: 02/3228-866**
**Моб.: 075/300-606**
**E-mail: obukidirektori@dic.edu.mk**


Република Северна Македонија

**ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР**

# ВОДИЧ *за* ОБУКИ И ИСПИТ

**за директори на основно и средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење**

**Организација и спроведување на *обуки***

**Организација и спроведување на *испит***

**Добивање и важност на *уверение***